## Известување за концентрација со која Телемах Словенија д.о.о,Словенија стекнува контрола над КТВ ДРАВОГРАД друштво за телекомуникации доо, Словенија и над НАКОМ друштво за информатика и услуги доо, Словенија (предмет бр. 08-55/2023)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на друштвото Телемах Словенија д.о.о, Ул Бранчичева 49 СИ-1231 Љубљана- Чрнуче Словенија над КТВ ДРАВОГРАД друштво за телекомуникации доо, Межа 143, Дравоград Словенија и над НАКОМ друштво за информатика и услуги доо, Мариборска цеста 70, Дравоград Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телемах Словенија д.о.о**, е во крајна сопственост на БЦ Партнерс, инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дистрибуција на медиумски содржини.

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

**КТВ ДРАВОГРАД друштво за телекомуникации доо, Словенија** е телекомуникациски оператор исклучиво присутен во Република Словенија и тоа на територијата на градот Дравоград, обезбедува услуги на фиксна телефонија, широкопојасен пристап на интернет и дистрибуција на медиумски содржини.

**НАКОМ друштво за информатика и услуги доо, Словенија** обезбедува ИТ услуги пред се услуги на ИТ поддршка на телекомуникациските оператори, односно веб-хостинг. Активен е исклучиво на територијата на Словенија

КТВ ДРАВОГРАД друштво за телекомуникации доо, Словенија и НАКОМ друштво за информатика и услуги доо, Словенија не се присутни и не остваруваат приход во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари, за целите на оценка на концентрацијата, може да се дефинират: ***пазар за фиксна телефонија, пазар за фиксен широкопојасен пристап до интернет, пазар за дистрибуција на медиумски содржини и пазар на обезбедување на услуги на веб хостинг***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.03.2023 година
Скопје